# 5 РАБОТИ ШТО МОРА ДА ГИ ЗНАЕМЕ ЗА МОРБИЛИТЕ

## 1. ШТО СЕ МОРБИЛИ (МАЛИ СИПАНИЦИ) ?

Морбилите се многу заразна вирусна болест, која може да предизвика сериозни компликации и трајни последици, вклучувајќи:

| СЛЕПИЛО | ОТОК НА МОЗОКОТ | ТЕЖОК ПРОЛИВ И ДЕХИДРАТАЦИЈА | ХОСПИТАЛИЗАЦИЈА | СМРТ |
|---|---|---|---|---|

**ОВАА БОЛЕСТ ОСТАНУВА ЕДНА ОД ВОДЕЧКИТЕ ПРИЧИНИ ЗА СМРТ КАЈ МАЛИТЕ ДЕЦА НА ГЛОБАЛНО НИВО, И ПОКРАЈ ДОСТАПНОСТА НА БЕЗБЕДНА И ЕФИКАСНА ВАКЦИНА. ПОВЕЌЕ ОД 200.000 ЛУЃЕ ПОЧИНАЛЕ ОД МОРБИЛИ ВО 2019 ГОДИНА – ГЛАВНО ДЕЦА ПОМЛАДИ ОД ПЕТГОДИШНА ВОЗРАСТ.**

## 2. КАКО СЕ ПРЕНЕСУВААТ МОРБИЛИ?

- Морбилите се една од најзаразните болести во светот.
- Дури 9 од 10 блиски контакти на заразениот, кои не се имуни може да се заразат.



- Се шири со кашлање и со кивање, близок или директен контакт со секрет од носот или грлото [4 дена пред и по исипувањето].
- Вирусот останува активен и заразен во воздухот или на заразените површини до 2 ЧАСА.

## 3. КОИ СЕ СИМПТОМИТЕ?

- Висока температура.
- Течење на носот, кашлица, црвени и насолзени очи и мали бели точки на слузницата што ја обложува усната празнина.
- Исипување на лицето, телото, дланките и на стапалата.



**ЗАРАЗАТА СО МОРБИЛИ МОЖЕ ДА СЕ СПРЕЧИ. НО ПОТРЕБНО Е**

**95%**

**ОД ДЕЦАТА ДА СЕ ВАКЦИНИРААТ НАВРЕМЕНО СО ДВЕ ДОЗИ ВАКЦИНИ ПРОТИВ МОРБИЛИ.**

## 4. КОИ СЕ РИЗИЧНИТЕ ГРУПИ?

- Невакцинираните мали деца се изложени на најголем ризик од морбили и компликации, вклучително и смрт.
- Бремените жени што не се вакцинирани се, исто така, изложени на ризик.
- Секое лице што нема развиено имунитет може да се зарази.

## 5. НАЈДОБРИОТ НАЧИН ДА ГО ЗАШТИТИТЕ СВОЕТО ДЕТЕ ОД МОРБИЛИ Е ДА ГО ВАКЦИНИРАТЕ НАВРЕМЕНО.



**ШТОМ НАВРШАТ 12 МЕСЕЦИ, СИТЕ ДЕЦА ТРЕБА ДА ПРИМАТ ПРВА ДОЗА ОД ВАКЦИНАТА ПРОТИВ МОРБИЛИ, ЗАУШКИ И РУБЕОЛА (МРП ВАКЦИНА).**

Без неа вашето дете е изложено на ризик и може да се разболи од овие сериозни болести.

Вакцината против морбили е докажано безбедна.

Се користи веќе 60 години и безбедно ја примиле милиони деца во целиот свет.

Вакцинирајќи го своето дете го јакнете колективниот имунитет и ги штитите децата помлади од една година и децата што не смеат да се вакцинираат (децата со намален имунитет, децата болни од карцином итн).

**ДАЛИ ГО ЗАШТИТИВТЕ ВАШЕТО ДЕТЕ?**

#ДаГиЗаштитимеДецата
#ВакцинитеСпасуваатЖивоти

Република Северна Македонија
Министерство за здравство

UN COVID-19 Response and Recovery Fund
#RecoverBetterTogether

unicef
for every child